Архивски знак
Рок на чување год
20 год
Влез/Излез
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ - СКОПЈЕ
Примено: 11.02.2020
Орг. единица
03 04/1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Бр. УП1 28-192
31.12 2019 **год.**
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

РЕШЕНИЕ

1. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** за 2020 доставена/и до Министерството за култура под бр. УП1 28-192 од 28.06.2019 година.

1.1	**Библиотечна дејност**
1.1.1	Обука и едукација за користење COBISS.MK за непречено надополнување на библиографскиот систем и сервис COBISS.MK со цел пристап и проток на информации за библиотечниот фонд
1.2	**Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**
1.2.1	Набавка на компјутерски сервер и компјутерска мрежа за потребите на музејската евиденција и архивско работење
1.2.2	Комплетирање и осовременување на системот за дојава на пожар во НУ Природонаучен музеј на Репблика Северна Македонија - Скопје
1.3	**Музејска дејност**
1.3.1	Проучување и мониторинг на фаунистичкиот диверзитет геодиверзитет во Северна Македонија
1.3.2	Фолистички истражувања на ендемичните и реликтните растенија
1.3.3	Детерминација и евиденција на палеоботаничката колекција од палеонтолошкото дело
1.3.4	Конзервација заштита на музејските материјали во изложбите и депоата на музејот
1.3.5	Издавање на периодични публикации во музејот

1.3.6	Едукација на деца од предучилишна и училишна возраст на флора , фауна и геа за 2020 година
1.3.7	Маркетинг проект за финансирање на НУ Природонаучен музеј на Северна Македонија

СЕ ИЗБИРААТ ЗА ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА.

2. За финансирање на проектите од точка 1 на ова решение се доделуваат финансиски средства во висина од:

2.1	**Библиотечна дејност**	
2.1.1	Обука и едукација за користење COBISS.MK за непречено надополнување на библиографскиот систем и сервис COBISS.MK со цел пристап и проток на информации за библиотечниот фонд	30,000
	Вкупно 2.1	30,000
2.2	**Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**	
2.2.1	Набавка на компјутерски сервер и компјутерска мрежа за потребите на музејската евиденција и архивско работење	262,000
2.2.2	Комплетирање и осовременување на системот за дојава на пожар во НУ Природонаучен музеј на Репблика Северна Македонија - Скопје	650,000
	Вкупно 2.2	912,000
2.3	**Музејска дејност**	
2.3.1	Проучување и мониторинг на фаунистичкиот диверзитет геодиверзитет во Северна Македонија	250,000
2.3.2	Фолистички истражувања на ендемичните и реликтните растенија	60,000
2.3.3	Детерминација и евиденција на палеоботаничката колекција од палеонтолошкото дело	60,000
2.3.4	Конзервација заштита на музејските материјали во изложбите и депоата на музејот	100,000
2.3.5	Издавање на периодични публикации во музејот	50,000
2.3.6	Едукација на деца од предучилишна и училишна возраст на флора , фауна и геа за 2020 година	80,000
2.3.7	Маркетинг проект за финансирање на НУ Природонаучен музеј на Северна Македонија	150,000
	Вкупно 2.3	750,000
	СЕВКУПНО (2.1+2.2+2.3)	1,692,000

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2020 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 06.06.2019 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт годишна програма за 2020 година.

Националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**, со допис бр УП1 28-192 од 28.06.2019 до Министерството за култура достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2020 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија.

Комисијата **за библиотечна дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. _____ – _____/__ од _____ год. со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** го предложи проектот:

	Библиотечна дејности
1.	Обука и едукација за користење COBISS.MK за непречено надополнување на библиографскиот систем и сервис COBISS.MK со цел пристап и проток на информации за библиотечниот фонд

Да се избери за проект од национален интерес за културата за 2020 година.

Комисијата **за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-14693/6 од 30.12.2019 год. со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** предложи проектите:

	Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема
1.	Набавка на компјутерски сервер и компјутерска мрежа за потребите на музејската евиденција и архивско работење
2.	Комплетирање и осовременување на системот за дојава на пожар во НУ Природонаучен музеј на Репблика Северна Македонија - Скопје

Да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2020 година.

со Известување бр. 50-4721/2 од 24.04.2020 година од Министерството за култура, во текот на 2020 година, се забранува времено набавување на мебел, опрема и возила кои суштински и директно не се поврзани со справување на здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19.

Се појаснува и дека со ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба бр. 44-4076/14 од 15.05.2020 година ("Сл. весник на Р.С. Македонија" бр.126/20), согласно Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите бр. 44-2866/1 од 09.04.2020 година ("Сл. весник на Р.С. Македонија" бр.97/20) и со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Р.С.Македонија за 2020 година ("Сл. весник на Р.Македонија" бр.262/20), настаната е промена на структурата на буџетските средства обезбедени за конкретната намена. Поточно, обезбедените средства од Раздел 18010-финансирање на дејностите од областа на културата, програма 84- одржување на објектите од областа на културата, ставка 480-купување на опрема и машини, каде беа и предвидени за исплата по реализација конкретните проекти, се одземени.

Од сите погоре наведени причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

МИНИСТЕР

Ирена Стефоска

Арх. Број

Скопје, _____ 2020 година.

Доставено до:
Архива на Министерството за култура
НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија-Скопје

Подготви: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Согласен: Гордана Стојанова, раководител на одделение
Одобрил: Владимир Попоски, раководител на сектор

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 602
www.kultura.gov.mk